Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - СКОПЈЕ (Натаму: Друштвото) коишто го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2012 година, како и на соодветниот Биланс на успех, Извештајот за останата сеопфатна добивка, Извештајот за промени во капиталот и на Извештајот за паричните текови за годината што завршува на соодветниот датум и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е -mail: info@rafajlovski.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД -СКОПЈЕ

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 Декември 2012, резултатите од работењето и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија.

Нагласување прашање

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на Белешка 4 кон финансиските извештаи. Друштвото во Извештајот за финансиската состојба има искажано земјиште кое од државата му е дадено на трајно користење. Согласно законските прописи Друштвото има покренато постапка за дефинирање на сопственоста.

Скопје, 16 Април 2013 година

Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

Овластен ревизор
Софија Јанчева-Белчева

Директор
Јасмина Рафајловска

ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДСТВОТО ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Приложените Финансиски извештаи на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - Скопје, на страниците 5 до 9 и Белешките кон истите на страниците 10 до 23 се одговорност и се одобруваат од раководството.

Друштвото го води своето сметководство во согласност со принципите и законските прописи што се применуваат во Република Македонија. Приложените Финансиски извештаи за 2011 година се ревидирани со што е обезбедена нивна споредливост со Финансиските извештаи за 2012 година. Финансиските извештаи вклучуваат одредени износи кои се базираат на најдобрите можни проценки и оценки на датумот на составувањето на Извештајот.

Врз основа на вистинитоста и објективноста на Финансиските извештаи, менаџментот има развиено и одржува внатрешна структура за контроли. Раководството верува дека внатрешните контроли овозможуваат сигурност во однос на бонитетот на финансиските евиденции и дека средствата се правилно евидентирани и вреднувани во сметководството. Внатрешниот процес на контрола исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на раководството за политиките кои овозможуваат етичко водење и деловно однесување.

Независните ревизори, Рафајловски ревизија ДОО Скопје, беа ангажирани да извршат ревизија на овие Финансиски извештаи и нивниот Извештај е даден на страните 2 и 3.

_____

Угриновски Бошко
Извршен член на Одборот на директори
на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на 31 Декември 2012 и 2011
(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2012	31 Декември 2011
А СРЕДСТВА			
НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА			
Недвижности, постројки и опрема	4	106.021.100	108.676.059
Аванси за материјални средства		-	-
Вложувања во хартии од вредност	5	37.580	15.950
Вкупно нетековни средства		*106.058.680*	*108.692.009*
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА			
Побарувања од купувачи	6	18.302.679	27.608.960
Други краткорочни побарувања	7	42.010.011	43.363.214
Парични средства	8	5.442.136	1.645.022
АВР		-	-
Вкупно тековни средства		65.754.826	72.617.196
ВКУПНО СРЕДСТВА		***171.813.506***	***181.309.205***
Б ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ			
Акционерски капитал	9	65.071.023	65.071.023
Сопствени акции		(6.451.231)	(11.416.987)
Законски и други резерви		99.916.927	88.229.093
Акумулирана (задржана)добивка		2.997.717	27.039.500
Вкупно главнина и резерви		*161.534.436*	*168.922.629*
В ОБВРСКИ			
Краткорочни обврски спрема добавувачи	10	3.805.931	4.858.790
Други краткорочни обврски	11	5.273.480	5.899.170
Обврски за даноци	12	1.199.659	1.322.086
ПВР		-	306.530
Вкупно тековни обврски		*10.279.070*	*12.386.576*
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		***171.813.506***	***181.309.205***
Вонбилансни средства	24	***7.000.000***	***7.000.000***
Вонбилансни извори		***7.000.000***	***7.000.000***

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите

Извршен член на Одборот на директори
Угриновски Бошко

БИЛАНС НА УСПЕХ
за годината завршена на 31 Декември 2012 и 2011
(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2012	31 Декември 2011
Приходи од услуги и продажба на стоки	13	94.269.832	131.138.234
Останати приходи		590.214	350.127
Трошоци за материјали	14	(9.876.684)	(10.814.722)
Набавна вредност на продадените материјали		(19.878.672)	(34.167.807)
Трошоци на вработените	15	(41.694.555)	(45.242.414)
Амортизација	4	(7.638.190)	(7.423.238)
Други оперативни трошоци	16	(14.384.384)	(17.525.946)
Нето приходи (расходи) од финансирање	17	1.811.441	2.461.540
Добивка пред оданочување		***3.199.002***	***18.775.774***
Расход за данок на добивка	18	(201.285)	(264.059)
Добивка за годината од континуирано работење		***2.997.717***	***18.511.715***
Загуба за годината од прекинато работење		-	-
ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА ОД КОНТИНУИРАНО РАБОТЕЊЕ		***2.997.717***	***18.511.715***
ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА	*19*	***15,84***	***100,80***

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи

Извршен член на Одборот на директори
Угриновски Бошко

ИЗВЕШТАЈ
ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
за годината завршена на 31 Декември 2012 и 2011
(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2012	31 Декември 2011
Добивка за периодот		***2.997.717***	***18.511.715***
Останата сеопфатна добивка/загуба			
Добивки/загуби од повторно мерење на финансиски средства расположиви за продажба		21.630	(5.785)
Останата сеопфатна добивка/загуба бруто		***21.630***	***(5.785)***
Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна загуба		(2.163)	578
Останата сеопфатна загуба-нето		***19.467***	***(5.207)***
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА		***3.017.184***	***18.506.508***

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи

Извршен член на Одборот на директори
Угриновски Бошко

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
за годината завршена на 31 Декември 2012 и 2011
(во Денари)

2012	Акцио-нерски капитал	Сопствени акции	Законски и други резерви	Резерви за финансис. средства располо-живи за продажба	Акумули-рана добивка	Вкупно капитал и резерви
Состојба на 1 Јануари 2012	**65.071.023**	**(11.416.987)**	**88.229.093**	**-**	**27.039.500**	**168.922.629**
Сеопфатна добивка						
Добивка за 2012 година	-	-	-	-	2.997.717	2.997.717
Останата сеопфатна добивка за 2012 год.	-	-	-	21.630	-	21.630
Одложен данок	-	-	-	(2.163)	-	(2.163)
Вкупно сеопфатна добивка за 2012 година	**-**	**-**	**-**	**19.467**	**2.997.717**	**3.017.184**
Трансакции со сопствениците						
Намалување на резерви	-	-	21.630	(19.467)	-	2.163
Пренос	-	4.965.756	(4.965.756)	-	-	-
Распределба на добивката за 2011 год.за резерви	-	-	16.631.961	-	(16.631.961)	-
Откупени акции од ФПИОМ	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-
Исплатена дивиденда	-	-	-	-	(10.407.540)	(10.407.540)
Состојба на 31 Декември 2012	**65.071.023**	**(6.451.231)**	**99.916.927**	**-**	**2.997.717**	**161.534.436**
2011						
Состојба на 1 Јануари 2011	**65.071.023**	**(3.364.224)**	**69.376.085**	**-**	**36.369.478**	**167.452.362**
Сеопфатна добивка						
Добивка за 2011 година	-	-	-	-	18.511.715	18.511.715
Останата сеопфатна загуба за 2011 год.	-	-	-	(5.785)	-	(5.785)
Одложен данок	-	-	-	578	-	578
Вкупно сеопфатна добивка за 2011 година	**-**	**-**	**-**	**(5.207)**	**18.511.715**	**18.506.508**
Трансакции со сопствениците						
Намалување на резерви	-	-	(5.785)	5.207	-	(578)
Распределба на добивката за 2010 год.за резерви	-	-	18.858.793	-	(18.858.793)	-
Откупени акции од ФПИОМ	-	(11.122.486)	-	-	-	(11.122.486)
Продадени сопствени акции	-	3.069.723	-	-	-	3.069.723
Исплатена дивиденда	-	-	-	-	(8.982.900)	(8.982.900)
Состојба на 31 Декември 2011	**65.071.023**	**(11.416.987)**	**88.229.093**	**-**	**27.039.500**	**168.922.629**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
за годината завршена на 31 Декември 2012 и 2011
(во Денари)

	31 Декември 2012		31 Декември 2011	
Готовински тек од оперативни активности				
Готовина добиена од купувачи и од други оперативни активности	143.215.711		205.719.139	
Готовина платена на добавувачите, вработените, даноци и други оперативни активности	(124.498.834)		(178.173.523)	
Вкупно добиена (платена) готовина од оперативни активности	18.716.877		27.545.616	
Платен данок на добивка	(366.834)		(168.611)	
Нето готовина од оперативни активности		*18.350.043*		*27.377.005*
Готовински тек од инвестициони активности				
Набавка на основни средства	(5.120.316)		(10.115.410)	
Продадена опрема	-		-	
Нето готовина од инвестициони активности		(5.120.316)		*(10.115.410)*
Готовински тек од финансиски активности				
Исплатена дивиденда	(10.407.540)		(8.982.900)	
Подигнати депозити	16.132.254		19.393.817	
Орочени депозити	(15.157.327)		(22.341.966)	
Откупени сопствени акции	-		(11.122.486)	
Продадени сопствени акции	-		3.069.723	
Нето готовина од финансиски активности		*(9.432.613)*		*(19.983.812)*
Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти		**3.797.114**		**(2.722.217)**
Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период		**1.645.022**		**4.367.239**
Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период		**5.442.136**		**1.645.022**

1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДРУШТВОТО

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - СКОПЈЕ (натаму: Друштвото) е акционерско друштво формирано како едно од друштвата на ПОС Рудници и железарница Скопје согласно Програмата за трансформација. Во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија во Скопје е запишано со единствен матичен број на субјектот 5166233.

Приоритетна дејност согласно тековна состојба на Централен Регистар на РМ е 71.20 - техничко испитување и анализа. Друштвото се занимава со физички - хемиски и металуршки испитувања од областа на индустријата, рударството и металургијата.

Друштвото има добиено меѓународен сертификат ISO 9001:2000 за тестирање на минерали, руди, метали, легури и горива, механичко и металографичко тестирање на челични и метални производи. Ова е гаранција дека тестирањето е во согласност со условите и барањата на највисоките светски стандарди.

Седиштето на Друштвото е во Скопје на улица 16-та Македонска бригада број 18.

Структурата на капиталот на Друштвото по родови на акции на 31 Декември 2012 година е 100% обични акции од кои 9.97% сопствени акции (2011: 100% обични акции од кои 9,97% сопствени акции).

2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1 Основа за подготовка

Друштвото финансиските извештаи ги подготвува во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени во Република Македонија и законските прописи во Република Македонија.

Во составувањето на овие финансиски извештаи Друштвото ги примени сметководствените политики обелоденети подолу, а кои се во согласност со сметководствената и даночната регулатива во Република Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени според методот на набавна вредност, како основа на мерење, освен за финансиските средства расположиви за продажба кои се мерени според објективна вредност.

Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари (МКД), освен ако не е поинаку наведено.

Приложените финансиски извештаи претставуваат единечни финансиски извештаи на Друштвото.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

2.2 Подготовка во услови на инфлација

Поради влијанието на инфлацијата во Финансиските извештаи, менаџментот е со убедување дека Финансиските извештаи на Друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ што е во согласност со законските прописи на Република Македонија.

2.3 Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Билансот на успехот како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

2.4 Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Извештајот за финансиската состојба се следниве:

Валута	**31 Декември 2012**		**31 Декември 2011**	
1 EUR	61,5000	Денари	61,5050	Денари
1 GBP	75,2800	Денари	73,6322	Денари
1 USD	46,6510	Денари	47,5346	Денари

2.5 Споредбени показатели

Финансиските извештаи за 2011 година се ревидирани, со што се овозможени споредбени показатели со финансиските извештаи за 2012 година.

Таму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршеното прикажување во тековната година.

3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 Декември 2012.

3.1 Недвижности, постројки и опрема

3.1.1. Почетно вреднување

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираната загуба поради обезвреднување. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Согласно основниот принцип на МСС 23, трошоците на позајмување кои можат да се припишат на стекнување, изградба или производство на производни постројки, енергетски капацитети , недвижности за кои е потребен значителен период за да се подготват за употреба ќе се вклучат во набавната вредност на тие средства.

3.1.2. Последователни издатоци

Издатоците направени за замена на дел од *недвижностите, постројките и опремата* се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Билансот на успех, во моментот на настанување.

3.1.3. Амортизација

Амортизацијата се пресметува по праволиниска метода со примена на стапките на амортизација определени во зависност од проценетиот корисен век на средствата. Изградените материјални средства се амортизираат од моментот кога се даваат на користење. Амортизација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.

Основица за амортизација на материјалните средства е набавната вредност или друг износ што е замена за набавната вредност намален за остатокот од вредност.

Проценетиот корисен век на недвижностите и опремата и стапките на амортизација се следни:

	Корисен век	**Стапки**
Градежните објекти	од 20 до 40 години	од 5% до 2,5%
Опрема	од 4 до 20 години	од 25% до 5%
Мебел	5 години	20%
Моторни возила	4 години	25%

3.2 Залихи

Залихите на суровини, материјали, резервни делови, гориво и мазиво во финансиските извештаи на Друштвото се вреднувани по метода на плански цени, корегирани за отстапувањата од планските цени.

Залихите на стока во магацин, Друштвото ги вреднува по набавни цени.

Залихите на ситен инвентар, Друштвото ги вреднува по метод на плански цени. При давањето во употреба набавната вредност на ситниот инвентар 100% се евидентира како трошок.

3.3 Вложувања во хартии од вредност

Вложувањата во хартии од вредност се вложувања во акции во банки и други друштва. Друштвото ги класификува како хартии од вредност расположиви за продажба. Вложувањата во хартии од вредност котираат на берза и се водат според нивната пазарна вредност.

Промените во објективната вредност на хартии од вредност расположиви за продажба се прикажуваат во Извештајот за останата сеопфатна добивка. По нивното отуѓување се врши рекласификација од главнината во Билансот на успех.

3.4 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се прикажуваат по нивната номинална вредност зголемени за каматата според договор.

3.5 Спорни и сомнителни побарувања

Спорните и сомнителни побарувања се базираат на проценката на менаџментот за можноста за нивна наплата.

Побарувањето се отпишува како ненаплативо во периодот на сознавањето дека тоа побарување нема можност да се наплати во договорениот рок односно на денот на Извештајот на финансиска состојба. Задолжително намалување на вредноста на побарувањето се прави кога должникот е во постапка на стечај и ликвидација.

3.6 Краткорочни вложувања

Краткорочните вложувања се состојат од депозити кај финансиски институции и други пласмани кај банки.

3.7 Акционерски капитал

3.7.1. Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатените акции.

3.7.2. Откуп на сопствени акции

Во вредноста на откупот на сопствените акции се вклучуваат и трансакционите трошоци. Откупените сопствени акции се класифицираат како трезорски и се презентирани како намалување на капиталот.

3.7.3. Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во пресметковниот период кога се објавени.

3.8 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат пари на денарски и девизни сметки во банка, во благајна и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари.

3.9 Обврски за кредити и други позајмици

Обврски за кредити почетно се признаваат според нето примените средства.

Главни извори на кредити се банки во земјата.

Сите кредити изразени во странска валута се искажуваат во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот под кој се составува Извештајот на финансиската состојба.

3.10 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Данокот на добивка по стапка од 10% се плаќа на непризнатите расходи кои се состојат од оданочиви расходи и помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти, намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит). Данок на добивка по стапка од 10% се плаќа и во моментот на исплата на дивидендата и друга распределба од добивката во согласност со законските прописи во Република Македонија.

3.11 Приходи од продажба

Приходот од продажба на производи се признава кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постојат значајни неизвесности за наплатата и можно враќање на производите. Приходите од извршените услуги се признаваат во Билансот на успех, до степен на завршеност на услугите на крајот на периодот на известување. Степен на завршеност се определува според евиденцијата за извршената работа.

Приходите од вршење услуги и продажбата на стоки ја опфаќаат нивната фактурирана вредност.

3.12 Приходи и расходи од финансирање

Приходите и расходите од финансирање ги вклучуваат приходите и расходите од камати, курсни разлики и дивиденди.

Приходите од камата се признаваат во Билансот на успех кога доспеваат за наплата.

Приходот од дивиденда се евидентира кога е објавена дивидендата.

Каматите и другите трошоци се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

4. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Движењата на основните средства за годината што завршува на 31 Декември 2012 и 2011 се следниве (во денари):

2012	**Земјиште**	**Згради**	**Опрема и друго**	**Инвестиции во тек**	**ВКУПНО**
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2012	21.551.360	78.701.335	82.943.712	204.700	183.401.107
Нови набавки во годината	-	-	4.983.231	4.983.231	9.966.462
Намалување	-	-	(1.890.076)	(4.983.231)	(6.873.307)
Салдо на 31 Декември 2012	21.551.360	78.701.335	86.036.867	204.700	186.494.262
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2012	-	18.011.092	56.713.956	-	74.725.048
Амортизација за 2012	-	1.941.200	5.696.990	-	7.638.190
Намалување	-	-	(1.890.076)	-	(1.890.076)
Салдо на 31 Декември 2012	-	19.952.292	60.520.870	-	80.473.162
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2012	***21.551.360***	***58.749.043***	***25.515.997***	***204.700***	***106.021.100***
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2012	***21.551.360***	***60.690.243***	***26.229.755***	***204.700***	***108.676.059***
2011					
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2011	21.551.360	78.329.683	74.731.034	204.700	174.816.777
Нови набавки во годината	-	371.652	9.743.758	10.115.410	20.230.820
Намалување	-	-	(1.531.080)	(10.115.410)	(1.646.490)
Салдо на 31 Декември 2011	21.551.360	78.701.335	82.943.712	204.700	183.401.107
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2011	-	16.070.865	52.762.025	-	68.832.890
Амортизација за 2011	-	1.940.227	5.483.011	-	7.423.238
Намалување	-	-	(1.531.080)	-	(1.531.080)
Салдо на 31 Декември 2011	-	18.011.092	56.713.956	-	74.725.048
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2011	***21.551.360***	***60.690.243***	***26.229.755***	***204.700***	***108.676.059***
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2011	***21.551.360***	***62.258.818***	***21.969.009***	***204.700***	***105.983.887***

Друштвото на 31.12.2012 година, во Билансот на состојба има искажано земјиште во износ од 21.551.360 денари. Земјиштето согласно поранешните прописи е дадено на Друштвото на трајно користење од страна на Република Македонија. Друштвото има започнато постапка за регулирање на сопственоста во согласност со новите прописи за отуѓување на градежно изградено земјиште во сопственост на Република Македонија.

Зголемувањето на опремата во вкупен износ од 4.983.231 денари, во најголем дел се состои од набавка на спектрометар со индукционо сврзна плазма во износ од 3.994.451 денари, набавка на репариран виљушкар Митсубиши во износ од 351.690 денари, набавка на мебел, инвентар за во лабаратории, компјутерска опрема и друго. Намалувањето на опремата во износ од 1.890.076 денари е резултат на расходување на средства поради дотраеност.

Зголемувањето на инвестициите во тек во вкупен износ од 4.983.231 денари е врз основа на набавка на опрема. Намалувањата на инвестициите во тек се состојат во активирање на набавената опрема.

5. ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Вкупните вложувања во хартии од вредност прикажани по последна цена од Македонска берза се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012		
	Број на акции	**Последна цена**	**ВКУПНО**
Стопанска банка (обични акции)	70	124	8.680
Кјуби - Македонија (обични акции)	17	1.700	28.900
Вкупно финансиски вложувања			37.580

	31 Декември 2011		
	Број на акции	**Последна цена**	**ВКУПНО**
Стопанска банка (обични акции)	70	155	10.850
Кјуби - Македонија (обични акции)	17	300	5.100
Вкупно финансиски вложувања			15.950

Согласно Извештајот за имател со состојба на 31 Декември 2012 година добиен од Централниот депозитар со хартии од вредност, Друштвото во сопственото портфолио ги поседува следниве акции:

	Број на акции	**Номинална вредност на една акција**
Стопанска банка (обични акции)	70	201,1 МКД
Кјуби - Македонија (обични акции)	17	51,13 ЕУР

6. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

Побарувањата од купувачи се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Побарувања од купувачи	18.491.480	27.797.761
Исправка на побарувањата од купувачи	(188.801)	(188.801)
Вкупно побарувања од купувачи	*18.302.679*	*27.608.960*

7. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Другите краткорочни побарувања се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Депозити во Комерцијална банка	37.438.242	38.526.241
Депозити во Алфа банка	3.800.000	3.686.927
Побарувања за дадени аванси	340.698	804.126
Побарувања за данок на добивка	103.086	32.985
Останати краткорочни побарувања	327.985	312.935
Вкупно други краткорочни побарувања	*42.010.011*	*43.363.214*

Депозитите во Комерцијална банка АД Скопје се врз основа на договори за орочување до 3 месеци и договори за орочување до 12 месеци. Дел од вкупните депозити во Комерцијална банка во износ од 37.438.242 денари вклучуваат наменски депозит во износ од 7.350.000 денари даден како залог за обезбедување на одобрениот револвинг денарски кредит за пречекорување на состојбата на средствата на сметките за тековно работење на Друштвото (Види белешка 24).

Депозитите во Алфа Банка АД Скопје се врз основа на договор за орочување до 12 месеци.

8. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Парични средства на денарски сметки	5.405.403	1.558.029
Парични средства на денарска благајна	36.733	86.993
Вкупно парични средства	*5.442.136*	*1.645.022*

9. СОСТОЈБА НА ГЛАВНИНАТА И РЕЗЕРВИТЕ

Друштвото во Трговскиот Регистар на Република Македонија има запишано акционерски капитал од 1.075.855,30 евра.
Основната главнина во сметководствената евиденција е усогласена со основната главнина запишана во Трговскиот регистар.
Законската резерва се формира по пат на издвојување на процент (15%) од добивката согласно Статутот на Друштвото.
Друштвото има обврска да издвојува законска резерва се додека износот на резервата не достигне износ кој е еднаков на една петтина од главнината.
До колку создадената резерва се намали, мора да се надомести се додека не го достигне пропишаниот минимум. Законската резерва може да се употребува за покривање на загубата.
Кога законската резерва ќе го надмине најмалиот износ и по покривање на загубата, Собранието на акционерите може да донесе Одлука, вишокот да се користи за дополнување на дивидендата, до колку истата за деловната година не го достигне најмалиот пропишан износ.
Усогласувањето и движењето во капиталот и резервите е даден во Извештајот за промените во главнината за годината што завршува на 31 Декември 2012 и 2011, на страна 7.

9.1 Состојба на акциите

Состојбата на бројот на акциите по родови на акции и сопственост е следнава:

Родови на акции	**Во сопственост на**	**Состојба**					
	2012	**01.01.12**	**%**	**зголем.**	**намал.**	**31.12.12**	**%**
Обични акции	Физички лица	188.636	89,65	-	347	188.289	89,48
	Правни лица	592	0,28	360	-	952	0,45
	Откупени сопствени акции	20.978	9,97	-	-	20.978	9,97
	Недефинирани акции	213	0,10	-	13	200	0,10
Приоритетни акции	Фонд за ПИОМ	-	0,00	-	-	-	0,00
	Вкупно	***210.419***	***100%***	***360***	***360***	***210.419***	***100%***

	2011	**01.01.11**	**%**	**зголем.**	**намал.**	**31.12.11**	**%**
Обични акции	Физички лица	178.895	85,02	9.741	-	188.636	89,65
	Правни лица	762	0,36	-	170	592	0,28
	Откупени сопствени акции	10.355	4,92	20.186	9.563	20.978	9,97
	Недефинирани акции	221	0,105	-	8	213	0,10
Приоритетни акции	Фонд за ПИОМ	20.186	9,59	-	20.186	-	0,00
	Вкупно	***210.419***	***100%***	***29.927***	***29.927***	***210.419***	***100%***

Номиналната вредност на една акција изнесува 5,11 евра.

Вкупен број на иматели на акции е 3.077 (2011: 3.090).

Пазарна вредност на една акција на 31.12.2012 година е 6,50 евра (2011: 5,85 евра).

10. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Краткорочните обврски спрема добавувачите се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Обврски спрема добавувачи од земјата	3.612.602	4.858.790
Обврски спрема добавувачи од странство	193.329	-
Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи	*3.805.931*	*4.858.790*

11. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Другите краткорочни обврски се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Краткорочни кредити од земјата	57.556	57.556
Примени аванси	7.108	7.108
Обврски спрема вработените	3.999.916	4.412.425
Персонален данок и придонеси од плата	1.148.623	1.356.443
Други краткорочни обврски	60.277	65.638
Вкупно други краткорочни обврски	*5.273.480*	*5.899.170*

12. ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ

Обврските за даноци се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Обврски за данок на добивка	-	95.448
Обврски за данок на додадена вредност	1.199.659	1.226.638
Вкупно обврски за даноци	*1.199.659*	*1.322.086*

Во 2012 година Управата за јавни приходи на Република Македонија кај Друштвото нема извршено контрола по основ на сите јавни давачки и даноците за годината не се дефинирани.

13. ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ И ПРОДАЖБА НА СТОКИ

Приходите од услуги, продажба на стоки и друго се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Приходи од извршени услуги	75.467.873	98.603.545
Приходи од продажба на стоки	18.792.182	32.509.104
Приходи од извршени услуги на странски пазар	9.777	25.585
Вкупно приходи од услуги, и продажба на стоки	*94.269.832*	*131.138.234*

14. ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ

Трошоците за материјали од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Трошоци за материјали	2.915.936	3.071.229
Трошоци за гориво	1.557.629	1.553.073
Резервни делови	3.059.393	4.136.925
Потрошена електрична енергија	2.067.338	2.024.963
Отпис на ситниот инвентар	276.388	28.532
Вкупно трошоци за материјали	*9.876.684*	*10.814.722*

Потрошените материјали во вкупен износ од 2.915.936 денари во најголем обем, вклучуваат: потрошени хемиски материјали (аргон, солна киселина, течен азот, уље и мазива, хемикалии) во вкупен износ од 1.268.925 денари, канцелариски материјали во вкупен износ од 601.781 денари и останати материјали (потрошени рентгенски филмови, материјали за чистење и одржување, материјали за тековно одржување и друго) во вкупен износ од 1.045.230 денари.

Трошоците за гориво во вкупен износ од 1.557.629 денари вклучуваат трошоци за парно греење во износ од 1.205.377 денари и трошоци за бензин во износ од 352.252 денари.

15. ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците на вработените се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Нето плати	26.830.074	29.050.569
Даноци и придонеси на плати	12.942.796	13.916.702
Други трошоци на вработените	1.921.685	2.275.143
Вкупно трошоци на вработените	*41.694.555*	*45.242.414*

Другите трошоци на вработените во износ од 1.921.685 денари вклучуваат: трошоци за помош на вработени, трошоци за превоз на вработените, теренски додаток, дневници за службени патувања, надомест за сместување и друго.

Просечниот број на вработени во текот на 2012 година изнесува 92 лица (2011: 97).

16. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

Другите оперативни трошоци се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Транспортни услуги	752.318	687.134
Трошоци за услуги за одржување	3.016.220	4.591.993
Трошоци за репрезентации, спонзорства и донации	275.507	345.439
Осигурување	396.423	357.583
Трошоци по договор за дело	197.449	275.521
Трошоци за сметководствени услуги	704.423	590.735
Други трошоци	9.042.044	10.677.541
Вкупно други оперативни трошоци	*14.384.384*	*17.525.946*

Другите трошоци во износ од 9.042.044 денари вклучуваат: административни такси и судски трошоци во износ од 4.403.733 денари, трошоци за технолошки вишок во износ од 861.800 денари, банкарски услуги и трошоци на платниот промет во износ од 202.052 денари, трошоци за услуги од КПОР во износ од 377.257 денари, други услуги во износ од 1.295.189 денари, надворешни услуги на доработка и обработка во износ од 266.032 денари, издатоци за заштитни средства при работа во износ од 109.367 денари, издатоци за заштитни одела во износ од 155.172 денари и друго.

17. НЕТО ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

Нето приходите (расходите) од финансирање се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Приходи од камати	1.937.424	2.682.547
Позитивни курсни разлики	454	599
Расходи од камати	(96.522)	(181.992)
Негативни курсни разлики	(29.915)	(39.614)
Вкупно нето приходи од финансирање	*1.811.441*	*2.461.540*

18. ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка по стапка од 10% се плаќа на непризнатите расходи кои се состојат од оданочиви расходи и помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти, намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит). Данок на добивка по стапка од 10% се плаќа и во моментот на исплата на дивидендата и друга распределба од добивката во согласност со законските прописи во Република Македонија.

19. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Заработката по акција е следнава (во денари):

Добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во денари):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Добивка за годината	2.997.717	18.511.715

Просечен број на обични акции

(во број на акции):

	31 Декември 2012	**31 Декември 2011**
Издадени обични акции на 1 Јануари	*189.228*	*179.657*
Ефект од сопствени акции	-	3.985
Пренос од недефинирани акции	13	8
Просечен број на обични акции на 31 Декември	*189.241*	*183.650*
Заработка по акција = (добивка/ просечен број на обични акции	***15,84***	***100,80***

20. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

Друштвото води судски постапки во кои се јавува како тужител во износ од 1.306.036 денари.

Против поранешното ПОС Рудници и железарница - Скопје се водат судски постапки за кои солидарно одговара Друштвото со другите субјекти кои се формирани со трансформацијата на ПОС РЖ Скопје и тоа: Инкометал Цирих во износ од 723 илјади УСД, Македонски Железници во износ од 821.548 илјади денари, и Технометал Вардар во износ од 2.000 илјади УСД. За некои од нив ќе следи спогодбено разрешување.

Против Друштвото не се водат судски постапки.

21. ВАЛУТЕН РИЗИК

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка на основни средства. Овие набавки се искажани во странски валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.

22. ДАНОЧЕН РИЗИК

Македонската даночна регулатива е предмет на различни толкувања и чести промени и како резултат на тоа, Друштвото би можело да се соочи со дополнителни даноци, казни и камати. Периодот за кој даночните и царинските органи можат да направат контрола со цел утврдување на даночните обврски на Друштвото е пет години.

23. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По периодот на известување на Извештајот на финансиска состојба не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

24. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Во вонбилансната евиденција Друштвото го евидентира одобрувањето на револвинг денарски кредит за пречекорување на состојбата на средствата на сметките за тековно работење во износ од 7.000.000 денари согласно Договор број 08-1640-24003-3 од 10.05.2012 година. Како обезбедување на одобрениот револвинг денарски кредит Друштвото има дадено во залог наменски денарски депозит во износ од 7.350.000 денари.

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината

завршена на 31 Декември 2011 и

Извештај на независните ревизори

Скјеоп, Април 2012 година

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независните ревизори до акционерите на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - Скопје	
Одговорност на менаџментот	4
Финансиски извештаи	
Извештај за финансиската состојба	5
Биланс на успехот	6
Извештај за останата сеопфатна добивка	7
Извештај за промените во главнината	8
Извештај за паричните текови	9
Белешки кон Финансиските извештаи	10-23

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е -mail: info@rafajlovski.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД -СКОПЈЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - СКОПЈЕ (Натаму: Друштвото) коишто го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2011 година, како и на соодветниот Биланс на успех, Извештајот за останата сеопфатна добивка, Извештајот за промени во капиталот и на Извештајот за паричните текови за годината што завршува на соодветниот датум и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е -mail: info@rafajlovski.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД -СКОПЈЕ

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 Декември 2011, резултатите од работењето и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија.

Нагласување прашање

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на Белешка 4 кон финансиските извештаи. Друштвото во Извештајот за финансиската состојба има искажано земјиште кое од државата му е дадено на трајно користење. Согласно законските прописи Друштвото има покренато постапка за дефинирање на сопственоста.

Скопје, 24 Април 2012 година

Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

Овластен ревизор
Софија Јанчева-Белчева

Директор
Јасмина Рафајловска

ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДСТВОТО
ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Приложените Финансиски извештаи на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - Скопје, на страниците 5 до 9 и Белешките кон истите на страниците 10 до 23 се одговорност и се одобруваат од раководството.

Друштвото го води своето сметководство во согласност со принципите и законските прописи што се применуваат во Република Македонија. Приложените Финансиски извештаи за 2010 година се ревидирани со што е обезбедена нивна споредливост со Финансиските извештаи за 2011 година. Финансиските извештаи вклучуваат одредени износи кои се базираат на најдобрите можни проценки и оценки на датумот на составувањето на Извештајот.

Врз основа на вистинитоста и објективноста на Финансиските извештаи, менаџментот има развиено и одржува внатрешна структура за контроли. Раководството верува дека внатрешните контроли овозможуваат сигурност во однос на бонитетот на финансиските евиденции и дека средствата се правилно евидентирани и вреднувани во сметководството. Внатрешниот процес на контрола исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на раководството за политиките кои овозможуваат етичко водење и деловно однесување.

Независните ревизори, Рафајловски ревизија ДОО Скопје, беа ангажирани да извршат ревизија на овие Финансиски извештаи и нивниот Извештај е даден на страните 2 и 3.

Угриновски Бошко
Извршен член на Одборот на директори
на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на 31 Декември 2011 и 2010
(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2011	31 Декември 2010
А СРЕДСТВА			
НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА			
Недвижности, постројки и опрема	4	108.676.059	105.983.887
Аванси за материјални средства		-	-
Вложувања во хартии од вредност	5	15.950	21.735
Вкупно нетековни средства		*108.692.009*	*106.005.622*
ТЕКОВНИ СРЕДСТВА			
Побарувања од купувачи	6	27.608.960	27.584.691
Други краткорочни побарувања	7	43.363.214	39.787.187
Парични средства	8	1.645.022	4.367.239
АВР		-	-
Вкупно тековни средства		72.617.196	71.739.117
ВКУПНО СРЕДСТВА		***181.309.205***	***177.744.739***
Б ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ			
Акционерски капитал	9	65.071.023	65.071.023
Сопствени акции		(11.416.987)	(3.364.224)
Законски и други резерви		88.229.093	69.376.085
Акумулирана (задржана)добивка		27.039.500	36.369.478
Вкупно главнина и резерви		*168.922.629*	*167.452.362*
В ОБВРСКИ			
Краткорочни обврски спрема добавувачи	10	4.858.790	3.407.593
Други краткорочни обврски	11	5.899.170	5.722.368
Обврски за даноци	12	1.322.086	1.162.416
ПВР		306.530	-
Вкупно тековни обврски		*12.386.576*	*10.292.377*
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		***181.309.205***	***177.744.739***
Вонбилансни средства	24	***7.000.000***	-
Вонбилансни извори		***7.000.000***	-

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите

Угриновски Бошко
Извршен член на Одборот на директори
на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - Скопје

Р.Ж. ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје

БИЛАНС НА УСПЕХ
за годината завршена на 31 Декември 2011 и 2010
(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2011	31 Декември 2010
Приходи од услуги и продажба на стоки	13	131.138.234	109.566.742
Останати приходи		350.127	43.507
Трошоци за материјали	14	(10.814.722)	(9.723.505)
Набавна вредност на продадените материјали		(34.167.807)	(23.778.932)
Трошоци на вработените	15	(45.242.414)	(42.177.660)
Амортизација	4	(7.423.238)	(6.019.835)
Други оперативни трошоци	16	(17.525.946)	(10.137.874)
Нето приходи (расходи) од финансирање	17	2.461.540	1.324.202
Добивка пред оданочување		***18.775.774***	***19.096.645***
Расход за данок на добивка	18	(264.059)	(237.852)
Добивка за годината од континуирано работење		***18.511.715***	***18.858.793***
Загуба за годината од прекинато работење		-	-
ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА ОД КОНТИНУИРАНО РАБОТЕЊЕ		***18.511.715***	***18.858.793***
ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА	*19*	***100,80***	***104.52***

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи

Угриновски Бошко
Извршен член на Одборот на директори
на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - Скопје

ИЗВЕШТАЈ
ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
за годината завршена на 31 Декември 2011 и 2010

(во Денари)

	Белешка	31 Декември 2011	31 Декември 2010
Добивка за периодот		***18.511.715***	***18.858.793***
Останата сеопфатна добивка/загуба			
Промени во објективна вредност на финансиски средства расположиви за продажба		(5.785)	(7.945)
Останата сеопфатна загуба-бруто		***(5.785)***	***(7.945)***
Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна загуба		578	795
Останата сеопфатна загуба-нето		***(5.207)***	***(7.150)***
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА		***18.506.508***	***18.851.643***

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи

Угриновски Бошко
Извршен член на Одборот на директори
на РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
за годината завршена на 31 Декември 2011 и 2010
(во Денари)

2011	**Акцио-нерски капитал**	**Сопствени акции**	**Законски и други резерви**	**Резерви за финансис. средства располо-живи за продажба**	**Акумули-рана добивка**	**Вкупно капитал и резерви**
Состојба на 1 Јануари 2011	**65.071.023**	**(3.364.224)**	**69.376.085**	**-**	**36.369.478**	**167.452.362**
Сеопфатна добивка						
Добивка за 2011 година	-	-	-	-	18.511.715	18.511.715
Останата сеопфатна загуба за 2011 год.	-	-	-	(5.785)	-	(5.785)
Одложен данок	-	-	-	578	-	578
Вкупно сеопфатна добивка за 2011 година	**-**	**-**	**-**	**(5.207)**	**18.511.715**	**18.506.508**
Трансакции со сопствениците						
Намалување на резерви	-	-	(5.785)	5.207	-	(578)
Распределба на добивката за 2010 год.за резерви	-	-	18.858.793	-	(18.858.793)	-
Откупени акции од ФПИОМ	-	(11.122.486)	-	-	-	(11.122.486)
Продадени сопствени акции	-	3.069.723	-	-	-	3.069.723
Исплатена дивиденда	-	-	-	-	(8.982.900)	(8.982.900)
Состојба на 31 Декември 2011	**65.071.023**	**(11.416.987)**	**88.229.093**	**-**	**27.039.500**	**168.922.629**
2010						
Состојба на 1 Јануари 2010	**65.071.023**	**(2.550.250)**	**64.944.833**	**-**	**29.946.042**	**157.411.648**
Сеопфатна добивка						
Добивка за 2010 година	-	-	-	-	18.858.793	18.858.793
Останата сеопфатна загуба за 2010 год.	-	-	-	(7.945)	-	(7.945)
Одложен данок	-	-	-	795	-	795
Вкупно сеопфатна добивка за 2010 година	**-**	**-**	**-**	**(7.150)**	**18.858.793**	**18.851.643**
Трансакции со сопствениците						
Намалување на резерви	-	-	(7.945)	7150	-	(795)
Распределба на добивката за 2009 г. за резерви	-	-	4.439.197	-	(4.439.197)	-
Откупени сопствени акции	-	(813.974)	-	-	-	(813.974)
Исплатена дивиденда	-	-	-	-	(7.996.160)	(7.996.160)
Состојба на 31 Декември 2010	**65.071.023**	**(3.364.224)**	**69.376.085**	**-**	**36.369.478**	**167.452.362**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
за годината завршена на 31 Декември 2011 и 2010
(во Денари)

	31 Декември 2011		31 Декември 2010	
Готовински тек од оперативни активности				
Готовина добиена од купувачи и од други оперативни активности	205.719.139		104.426.100	
Готовина платена на добавувачите, вработените, даноци и други оперативни активности	(178.173.523)		(84.406.487)	
Вкупно добиена (платена) готовина од оперативни активности	27.545.616		20.019.613	
Платен данок на добивка	(168.611)		(439.528)	
Нето готовина од оперативни активности		*27.377.005*		*19.580.085*
Готовински тек од инвестициони активности				
Набавка на основни средства	(10.115.410)		(3.869.597)	
Продадена опрема	-		-	
Нето готовина од инвестициони активности		*(10.115.410)*		*(3.869.597)*
Готовински тек од финансиски активности				
Исплатена дивиденда	(8.982.900)		(7.996.160)	
Подигнати депозити	19.393.817		13.861.450	
Орочени депозити	(22.341.966)		(20.372.821)	
Откупени сопствени акции	(11.122.486)		(813.974)	
Продадени сопствени акции	3.069.723		-	
Нето готовина од финансиски активности		*(19.983.812)*		*(15.321.505)*
Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти	**(2.722.217)**			**388.983**
Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период	**4.367.239**			**3.978.256**
Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период	**1.645.022**			**4.367.239**

1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДРУШТВОТО

РЖ ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА АД - СКОПЈЕ (натаму: Друштвото) е акционерско друштво формирано како едно од друштвата на ПОС Рудници и железарница Скопје согласно Програмата за трансформација. Во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија во Скопје е запишано со единствен матичен број на субјектот 5166233.

Приоритетна дејност согласно тековна состојба на Централен Регистар на РМ е 71.20 - техничко испитување и анализа. Друштвото се занимава со физички - хемиски и металуршки испитувања од областа на индустријата, рударството и металургијата.

Друштвото има добиено меѓународен сертификат ISO 9001:2000 за тестирање на минерали, руди, метали, легури и горива, механичко и металографичко тестирање на челични и метални производи. Ова е гаранција дека тестирањето е во согласност со условите и барањата на највисоките светски стандарди.

Седиштето на Друштвото е во Скопје на улица 16-та Македонска бригада број 18.
Структурата на капиталот на Друштвото по родови на акции на 31 Декември 2011 година е 100% обични акции од кои 9.97% сопствени акции (2010: 90,41% обични акции од кои 4,92% сопствени акции и 9,59% приоритетни акции).
Во текот на 2011 година Душтвото откупи 20.186 приоритетни акции од Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување со што приоритетните акции стануваат обични сопствени акции. Во текот на 2011 година Друштвото продаде 9.563 сопствени акции по пат на приватна понуда на АД Факом од Скопје.

2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1 Основа за подготовка

Друштвото финансиските извештаи ги подготвува во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени во Република Македонија и законските прописи во Република Македонија.

Во составувањето на овие финансиски извештаи Друштвото ги примени сметководствените политики обелоденети подолу, а кои се во согласност со сметководствената и даночната регулатива во Република Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени според методот на набавна вредност, како основа на мерење, освен за финансиските средства расположиви за продажба кои се мерени според објективна вредност.

Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари (МКД), освен ако не е поинаку наведено.

Приложените финансиски извештаи претставуваат единечни финансиски извештаи на Друштвото.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

2.2 Подготовка во услови на инфлација

Поради влијанието на инфлацијата во Финансиските извештаи, менаџментот е со убедување дека Финансиските извештаи на Друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ што е во согласност со законските прописи на Република Македонија.

2.3 Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Билансот на успехот како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

2.4 Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Извештајот за финансиската состојба се следниве:

Валута	**31 Декември 2011**		**31 Декември 2010**	
1 EUR	61,5050	Денари	61,5050	Денари
1 GBP	73,6322	Денари	71,5008	Денари
1 USD	47,5346	Денари	46,3140	Денари

2.5 Споредбени показатели

Финансиските извештаи за 2010 година се ревидирани, со што се овозможени споредбени показатели со финансиските извештаи за 2011 година.

Таму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршеното прикажување во тековната година.

3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 Декември 2011.

3.1 Недвижности, постројки и опрема

3.1.1. Почетно вреднување

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат според набавната вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираната загуба поради

обезвреднување. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.
Согласно основниот принцип на МСС 23, трошоците на позајмување кои можат да се припишат на стекнување, изградба или производство на производни постројки, енергетски капацитети , недвижности за кои е потребен значителен период за да се подготват за употреба ќе се вклучат во набавната вредност на тие средства.

3.1.2. Последователни издатоци

Издатоците направени за замена на дел од *недвижностите, постројките и опремата* се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Билансот на успех, во моментот на настанување.

3.1.3. Амортизација

Амортизацијата се пресметува по праволиниска метода со примена на стапките на амортизација определени во зависност од проценетиот корисен век на средствата. Изградените материјални средства се амортизираат од моментот кога се даваат на користење. Амортизација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.
Основица за амортизација на материјалните средства е набавната вредност или друг износ што е замена за набавната вредност намален за остатокот од вредност.

Проценетиот корисен век на недвижностите и опремата и стапките на амортизација се следни:

	Корисен век	**Стапки**
Градежните објекти	од 20 до 40 години	од 5% до 2,5%
Опрема	од 4 до 20 години	од 25% до 5%
Мебел	5 години	20%
Моторни возила	4 години	25%

3.2 Залихи

Залихите на суровини, материјали, резервни делови, гориво и мазиво во финансиските извештаи на Друштвото се вреднувани по метода на плански цени, корегирани за отстапувањата од планските цени.

Залихите на стока во магацин, Друштвото ги вреднува по набавни цени.

Залихите на ситен инвентар, Друштвото ги вреднува по метод на плански цени. При давањето во употреба набавната вредност на ситниот инвентар 100% се евидентира како трошок.

3.3 Вложувања во хартии од вредност

Вложувањата во хартии од вредност се вложувања во акции во банки и други друштва. Друштвото ги класификува како хартии од вредност расположиви за продажба. Вложувањата во хартии од вредност котираат на берза и се водат според нивната пазарна вредност.

Промените во објективната вредност на хартии од вредност расположиви за продажба се прикажуваат во Извештајот за останата сеопфатна добивка. По нивното отуѓување се врши рекласификација од главнината во Билансот на успех.

3.4 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се прикажуваат по нивната номинална вредност зголемени за каматата според договор.

3.5 Спорни и сомнителни побарувања

Спорните и сомнителни побарувања се базираат на проценката на менаџментот за можноста за нивна наплата.
Побарувањето се отпишува како ненаплативо во периодот на сознавањето дека тоа побарување нема можност да се наплати во договорениот рок односно на денот на Извештајот на финансиска состојба. Задолжително намалување на вредноста на побарувањето се прави кога должникот е во постапка на стечај и ликвидација.

3.6 Краткорочни вложувања

Краткорочните вложувања се состојат од депозити кај финансиски институции и други пласмани кај банки.

3.7 Акционерски капитал

3.7.1. Приоритетни акции

Приоритетни акции се класифицирани како сопственички финансиски инструменти.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување поседува 20.186 приоритетни акции, односно 9.59% од вкупниот број издадени акции. Приоритетните акции се конвертибилни. Доколку Фондот ги продаде, тие стануваат обични акции.

3.7.2. Откуп на сопствени акции

Во вредноста на откупот на сопствените акции се вклучуваат и трансакционите трошоци. Откупените сопствени акции се класифицираат како трезорски и се презентирани како намалување на капиталот.

3.7.3. Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во пресметковниот период кога се објавени.

3.8 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат пари на денарски и девизни сметки во банка, во благајна и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари.

3.9 Обврски за кредити и други позајмици

Обврски за кредити почетно се признаваат според нето примените средства.

Главни извори на кредити се банки во земјата.

Сите кредити изразени во странска валута се искажуваат во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот под кој се составува Извештајот на финансиската состојба.

3.10 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Данокот на добивка по стапка од 10% се плаќа на непризнатите расходи кои се состојат од оданочиви расходи и помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти, намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит). Данок на добивка по стапка од 10% се плаќа и во моментот на исплата на дивидендата и друга распределба од добивката во согласност со законските прописи во Република Македонија.

3.11 Приходи од продажба

Приходот од продажба на производи се признава кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постојат значајни неизвесности за наплатата и можно враќање на производите. Приходите од извршените услуги се признаваат во Билансот на успех, до степен на завршеност на услугите на крајот на периодот на известување. Степен на завршеност се определува според евиденцијата за извршената работа.
Приходите од вршење услуги и продажбата на стоки ја опфаќаат нивната фактурирана вредност.

3.12 Приходи и расходи од финансирање

Приходите и расходите од финансирање ги вклучуваат приходите и расходите од камати, курсни разлики и дивиденди.

Приходите од камата се признаваат во Билансот на успех кога доспеваат за наплата.

Приходот од дивиденда се евидентира кога е објавена дивидендата.

Каматите и другите трошоци се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

4. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Движењата на основните средства за годината што завршува на 31 Декември 2011 и 2010 се следниве (во денари):

2011	Земјиште	Згради	Опрема и друго	Инвестиции во тек	ВКУПНО
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2011	21.551.360	78.329.683	74.731.034	204.700	174.816.777
Нови набавки во годината	-	371.652	9.743.758	10.115.410	20.230.820
Намалување	-	-	(1.531.080)	(10.115.410)	(1.646.490)
Салдо на 31 Декември 2011	21.551.360	78.701.335	82.943.712	204.700	183.401.107
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2011	-	16.070.865	52.762.025	-	68.832.890
Амортизација за 2011	-	1.940.227	5.483.011	-	7.423.238
Намалување	-	-	(1.531.080)	-	(1.531.080)
Салдо на 31 Декември 2011	-	18.011.092	56.713.956	-	74.725.048
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2011	***21.551.360***	***60.690.243***	***26.229.755***	***204.700***	***108.676.059***
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2011	***21.551.360***	***62.258.818***	***21.969.009***	***204.700***	***105.983.887***
2010					
Набавна вредност					
Салдо на 1 Јануари 2010	21.551.360	60.643.435	72.332.324	17.261.095	171.788.214
Нови набавки во годината	-	17.686.248	3.902.530	2.700.048	24.288.826
Намалување	-	-	(1.503.820)	(19.756.443)	(21.260.263)
Салдо на 31 Декември 2010	21.551.360	78.329.683	74.731.034	204.700	174.816.777
Исправка на вредноста					
Салдо на 1 Јануари 2010	-	15.859.292	47.557.449	-	63.416.741
Амортизација за 2010	-	590.758	5.429.077	-	6.019.835
Намалување	-	(379.185)	(224.501)	-	(603.686)
Салдо на 31 Декември 2010	-	16.070.865	52.762.025	-	68.832.890
Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2010	***21.551.360***	***62.258.818***	***21.969.009***	***204.700***	***105.983.887***
Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2010	***21.551.360***	***44.784.143***	***24.774.875***	***17.261.095***	***108.371.473***

Друштвото на 31.12.2011 година, во Билансот на состојба има искажано земјиште во износ од 21.551.360 денари. Земјиштето согласно поранешните прописи е дадено на Друштвото на трајно користење од страна на Република Македонија. Друштвото има започнато постапка за регулирање на сопственоста во согласност со новите прописи за отуѓување на градежно изградено земјиште во сопственост на Република Македонија.

Зголемувањето на зградите во вкупен износ од 371.652 денари е резултат на извршена санација и градежни работи во хемиска лабораторија, во компјутерска просторија и друго.

Зголемувањето на опремата во вкупен износ од 9.743.758 денари, во најголем дел се состои од набавка на спектрометарски систем во износ од 5.634.757 денари, анализатор, ултразвучна бања и електронска вага во износ од 1.416.876 денари, програм тест во износ од 626.638 денари, ултразвучен мерач во износ од 540.950 денари, металографски микроскоп во износ од 464.422 денари, мерач за тврдина во износ од 368.078 денари и друго. Намалувањето на опремата во износ од 1.531.080 денари е резултат на расходување на средства поради дотраеност.

Зголемувањето на инвестициите во тек во вкупен износ од 10.115.410 денари е врз основа извршени градежни работи и набавка на опрема. Намалувањата на инвестициите во тек се состојат во активирање на набавената опрема и реконструкција и санација во хемиска лабараторија.

5. ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Вкупните вложувања во хартии од вредност прикажани по последна цена од Македонска берза се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011		
	Број на акции	**Последна цена**	**ВКУПНО**
Стопанска банка (обични акции)	70	155	10.850
Кјуби - Македонија (обични акции)	17	300	5.100
Вкупно финансиски вложувања			15.950

	31 Декември 2010		
	Број на акции	**Последна цена**	**ВКУПНО**
Стопанска банка (обични акции)	70	200	14.000
Кјуби - Македонија (обични акции)	17	455	7.735
Вкупно финансиски вложувања			21.735

Согласно Извештајот за имател со состојба на 31 Декември 2011 година добиен од Централниот депозитар со хартии од вредност, Друштвото во сопственото портфолио ги поседува следниве акции:

	Број на акции	**Номинална вредност на една акција**
Стопанска банка (обични акции)	70	201,1 МКД
Кјуби - Македонија (обични акции)	17	51,13 ЕУР

6. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

Побарувањата од купувачи се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Побарувања од купувачи	27.797.761	27.773.492
Исправка на побарувањата од купувачи	(188.801)	(188.801)
Вкупно побарувања од купувачи	*27.608.960*	*27.584.691*

7. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Другите краткорочни побарувања се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Депозити во Комерцијална банка	38.526.241	32.808.662
Депозити во Алфа банка	3.686.927	6.456.356
Побарувања за дадени аванси	804.126	203.549
Побарувања за данок на добивка	32.985	32.985
Останати краткорочни побарувања	312.935	285.635
Вкупно други краткорочни побарувања	*43.363.214*	*39.787.187*

Депозитите во Комерцијална банка АД Скопје се врз основа на договори за орочување до 6 месеци и договори за орочување до 12 месеци. Дел од вкупните депозити во Комерцијална банка во износ од 38.526.241 денари вклучуваат наменски депозит во износ од 7.350.000 денари даден како залог за обезбедување на одобрениот револвинг денарски кредит за пречекорување на состојбата на средствата на сметките за тековно работење на Друштвото (Види белешка 24).

Депозитите во Алфа Банка АД Скопје се врз основа на договор за орочување до 6 месеци.

8. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Парични средства на денарски сметки	1.558.029	4.271.852
Парични средства на денарска благајна	86.993	95.387
Вкупно парични средства	*1.645.022*	*4.367.239*

9. СОСТОЈБА НА ГЛАВНИНАТА И РЕЗЕРВИТЕ

Друштвото во Трговскиот Регистар на Република Македонија има запишано акционерски капитал од 1.075.855,30 евра.
Основната главнина во сметководствената евиденција е усогласена со основната главнина запишана во Трговскиот регистар.
Законската резерва се формира по пат на издвојување на процент (15%) од добивката согласно Статутот на Друштвото.
Друштвото има обврска да издвојува законска резерва се додека износот на резервата не достигне износ кој е еднаков на една петтина од главнината.
До колку создадената резерва се намали, мора да се надомести се додека не го достигне пропишаниот минимум. Законската резерва може да се употребува за покривање на загубата.
Кога законската резерва ќе го надмине најмалиот износ и по покривање на загубата, Собранието на акционерите може да донесе Одлука, вишокот да се користи за дополнување на дивидендата, до колку истата за деловната година не го достигне најмалиот пропишан износ.
Усогласувањето и движењето во капиталот и резервите е даден во Извештајот за промените во главнината за годината што завршува на 31 Декември 2011 и 2010, на страна 7.

9.1 Состојба на акциите

Состојбата на бројот на акциите по родови на акции и сопственост е следнава:

Родови на акции	**Во сопственост на**			**Состојба**			
	2011	**01.01.11**	**%**	**зголем.**	**намал.**	**31.12.11**	**%**
Обични акции	Физички лица	178.895	85,02	9.741	-	188.636	89,65
	Правни лица	762	0,36	-	170	592	0,28
	Откупени сопствени акции	10.355	4,92	20.186	9.563	20.978	9,97
	Недефинирани акции	221	0,105	-	8	213	0,10
Приоритетни акции	Фонд за ПИОМ	20.186	9,59	-	20.186	-	0,00
	Вкупно	***210.419***	***100%***	***29.927***	***29.927***	***210.419***	***100%***

	2010	**01.01.10**	**%**	**зголем.**	**намал.**	**31.12.10**	**%**
Обични акции	Физички лица	181.128	86,08	-	2.233	178.895	85,02
	Правни лица	1.179	0,56	-	417	762	0,36
	Откупени сопствени акции	7.705	3,66	2.650	-	10.355	4,92
	Недефинирани акции	221	0.105	-	-	221	0,105
Приоритетни акции	Фонд за ПИОМ	20.186	9,59	-	-	20.186	9,59
	Вкупно	***210.419***	***100%***			***210.419***	***100%***

Номиналната вредност на една акција изнесува 5,11 евра.
Вкупен број на иматели на акции е 3.090 (2010: 3.107).
Пазарна вредност на една акција на 31.12.2011 година е 5,85 евра (2010: 5,69 евра).

10. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Краткорочните обврски спрема добавувачите се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Обврски спрема добавувачи од земјата	4.858.790	3.360.481
Обврски спрема добавувачи од странство	-	47.112
Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи	*4.858.790*	*3.407.593*

11. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Другите краткорочни обврски се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Краткорочни кредити од земјата	57.556	57.556
Примени аванси	7.108	7.108
Обврски спрема вработените	4.412.425	4.292.564
Персонален данок и придонеси од плата	1.356.443	1.306.662
Други краткорочни обврски	65.638	58.478
Вкупно други краткорочни обврски	*5.899.170*	*5.722.368*

12. ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ

Обврските за даноци се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Обврски за данок на добивка	95.448	-
Обврски за данок на додадена вредност	1.226.638	1.162.416
Вкупно обврски за даноци	*1.322.086*	*1.162.416*

Во 2011 година Управата за јавни приходи на Република Македонија кај Друштвото нема извршено контрола по основ на сите јавни давачки и даноците за годината не се дефинирани.

13. ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ И ПРОДАЖБА НА СТОКИ

Приходите од услуги, продажба на стоки и друго се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Приходи од извршени услуги	98.603.545	86.576.273
Приходи од продажба на стоки	32.509.104	22.795.938
Приходи од извршени услуги на странски пазар	25.585	194.531
Вкупно приходи од услуги, и продажба на стоки	*131.138.234*	*109.566.742*

14. ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ

Трошоците за материјали од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Трошоци за материјали	3.071.229	2.766.360
Трошоци за гориво	1.553.073	1.507.739
Резервни делови	4.136.925	3.898.904
Потрошена електрична енергија	2.024.963	1.479.738
Отпис на ситниот инвентар	28.532	70.764
Вкупно трошоци за материјали	*10.814.722*	*9.723.505*

Потрошените материјали во вкупен износ од 3.071.229 денари во најголем обем, вклучуваат: потрошени хемиски материјали (аргон, солна киселина, течен азот, уље и мазива, хемикалии) во вкупен износ од 1.488.602 денари, канцелариски материјали во вкупен износ од 522.883 денари и останати материјали (потрошени рентгенски филмови, материјали за чистење и одржување, материјали за тековно одржување и друго) во вкупен износ од 1.059.744 денари.

Трошоците за гориво во вкупен износ од 1.553.073 денари вклучуваат трошоци за парно греење во износ од 992.862 денари и трошоци за бензин во износ од 560.211 денари.

15. ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците на вработените се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	31 Декември 2010
Нето плати	29.050.569	26.930.020
Даноци и придонеси на плати	13.916.702	12.937.997
Други трошоци на вработените	2.275.143	2.309.643
Вкупно трошоци на вработените	*45.242.414*	*42.177.660*

Другите трошоци на вработените во износ од 2.275.143 денари вклучуваат: трошоци за помош на вработени, трошоци за превоз на вработените, теренски додаток, дневници за службени патувања, надомест за сместување и друго.

Просечниот број на вработени во текот на 2011 година изнесува 97 лица (2010: 96).

16. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

Другите оперативни трошоци се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	31 Декември 2010
Транспортни услуги	687.134	632.767
Трошоци за услуги за одржување	4.591.993	3.886.081
Трошоци за репрезентации, спонзорства и донации	345.439	307.727
Осигурување	357.583	547.219
Трошоци по договор за дело	275.521	282.951
Трошоци за сметководствени услуги	590.735	595.090
Други трошоци	10.677.541	3.886.039
Вкупно други оперативни трошоци	*17.525.946*	*10.137.874*

Другите трошоци во износ од 10.677.541 денари вклучуваат административни такси и судски трошоци во износ од 5.105.912 денари, трошоци за технолошки вишок во износ од 1.112.667 денари, услуги на странски правни лица во износ од 880.884 денари, издатоци за заштитни средства при работа во износ од 164.308 денари, издатоци за заштитни одела во износ од 247.032 денари, други услуги во износ од 430.434 денари, дополнителен придонес за здравство во износ од 216.361 денари, банкарски услуги и трошоци на платниот промет во износ од 240.335 денари, трошоци - КПОР во износ од 377.335 денари, надомест на членовите на одборот на директори во износ од 166.668 денари, дополнително утврдени трошоци од минати години во износ од 473.055 денари и друго.

17. НЕТО ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

Нето приходите (расходите) од финансирање се состојат од следново (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Приходи од камати	2.682.547	1.549.234
Позитивни курсни разлики	599	463
Расходи од камати	(181.992)	(215.185)
Негативни курсни разлики	(39.614)	(10.310)
Вкупно нето приходи од финансирање	*2.461.540*	*1.324.202*

18. ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка по стапка од 10% се плаќа на непризнатите расходи кои се состојат од оданочиви расходи и помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани субјекти, намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит). Данок на добивка по стапка од 10% се плаќа и во моментот на исплата на дивидендата и друга распределба од добивката во согласност со законските прописи во Република Македонија.

19. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Заработката по акција е следнава (во денари):

Добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во денари):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Добивка за годината	18.511.715	18.858.793

Просечен број на обични акции

(во број на акции):

	31 Декември 2011	**31 Декември 2010**
Издадени обични акции на 1 Јануари	*179.657*	*182.307*
Ефект од сопствени акции	3.985	(1.887)
Просечен број на обични акции на 31 Декември	*183.642*	*180.426*
Заработка по акција = (добивка/ просечен број на обични акции	***100,80***	***104.52***

20. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

Друштвото води судски постапки во кои се јавува како тужител во износ од 590.309 денари.

Против поранешното ПОС Рудници и железарница - Скопје се водат судски постапки во износ од 821.548.245 денари и 723.053,55 USD за кои солидарно одговара Друштвото со другите субјекти кои се формирани со трансформацијата на ПОС РЖ Скопје. За некои од нив ќе следи спогодбено разрешување.

Против Друштвото се водат судски постапки во вкупна вредност од 275.612 денари.

21. ВАЛУТЕН РИЗИК

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка на основни средства. Овие набавки се искажани во странски валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.

22. ДАНОЧЕН РИЗИК

Македонската даночна регулатива е предмет на различни толкувања и чести промени и како резултат на тоа, Друштвото би можело да се соочи со дополнителни даноци, казни и камати. Периодот за кој даночните и царинските органи можат да направат контрола со цел утврдување на даночните обврски на Друштвото е пет години.

23. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По периодот на известување на Извештајот на финансиска состојба не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

24. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Во вонбилансната евиденција Друштвото го евидентира одобрувањето на револвинг денарски кредит за пречекорување на состојбата на средствата на сметките за тековно работење во износ од 7.000.000 денари согласно Договор број 02-1630-1756 од 10.05.2011 година. Како обезбедување на одобрениот револвинг денарски кредит Друштвото има дадено во залог наменски денарски депозит во износ од 7.350.000 денари.